ДРУШТВО ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ
ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ
Бр. 03-923/1
18.05 2026 год.
ШТИП

**Правила за наградната игра:**

**30 ГОДИНИ ЛОЈАЛНОСТ – ВОЗИ СО СТИЛ!**

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри, се утврдуваат следните правила на наградната игра:

1. Назив и седиште на трговското друштво кое е организатор на наградната игра:

Организатор на наградната игра „30 ГОДИНИ ЛОЈАЛНОСТ – ВОЗИ СО СТИЛ!“ е ТРД ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ ШТИП со седиште на ул: Ванчо Прќе 88 во Штип

2. Производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра:

“ Наградната игра се организира за рекламирање на услугите на ТРД Телекабел ДООЕЛ Штип и се однесува на сите корисници на Телекбел кои редовно ги плаќаат своите сметки;

3. Име, опис и времетраење на наградната игра:

- Официјалното име на наградната игра е „30 ГОДИНИ ЛОЈАЛНОСТ – ВОЗИ СО СТИЛ!“

- 30 ГОДИНИ ЛОЈАЛНОСТ – ВОЗИ СО СТИЛ!“е наградна игра организирана за да Телекабел ги награди своите корисници по повод 30 годишното постоење на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ.

- Во наградната игра може да учествуваат сите постоечки и нови корисници кои се вклучени најкасно до 31.10.2026 година и  да ги имаат платено сите сметка на Телекабел заклучно  со месец 11/2026 година. Сметката може да биде платена во наплатен центар, на инкасатор, на веб страната на Телекабел, во било која банка во Р. Северна Македонија.

  - Учесниците во наградната игра ќе имаат можност да добијат Автомобил Мерцедес А класа со АМГ опрема;

  - Наградната игра задочнува на 29.06.2026 година со почеток во 00:01 часот и ќе трае до 31.12.2026 година до 23:59 часот;

- Правилата на наградната игра, начинот и условите за учество во наградната игра, како и нејзиното времетраење, организаторот ТРД ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ ќе ги објави на официјалната веб страница www.telekabel.mk веднаш по добивањето  на согласност од

Министерство за финансии.

-

4. Територија

- Наградната игра се организира и спроведува на територија на Република Северна Македонија за сите полнолетни жители, државјани на Република Северна Македонија.

5. Рекламирање

- Наградната игра ќе се рекламира на елекстронските портали, социјални медиуми, телевизии и радија на територијата на Р. Северна Македонија.

6. Награден фонд :

Наградната игра располага со фонд на награди од вкупно 1 награда. Наградниот фонд за целото времетраење на наградната игра изнесува 1.977.600,00 денари со ДДВ.

Одговорноста за исправноста на доделената награда како и за нивната гаранција паѓа на товар на добавувачот.

Трошоците за регистрација и сите други давачки поврзани со пренос на сопственост на автомобилот паѓаат на товар на добитникот.

Нема да има можност за замена на наградата со парична награда или други типови награди од иста вредност.

7. Услови за учество во наградната игра

- Во наградната игра, право на учество имаат само полнолетните корисници на услугите на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ.

- Корисник кој ги има платено сметките заклучно со 11 месец 2026 година.
- Корисник кој е вклучен најкасно до 31.10.2026 година и ги имаат платено сите сметки на Телекабел заклучно со 11/2026 година.
- Во наградната игра забрана за учество имаат лицата кои за времетраење на наградната игра се вработени во ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ како и членовите на нивното потесно семејство.
- Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица, наградата нема да му се додели туку ќе се извлекува друго лице.
- Добитникот пред да ја подигне наградата ќе потпише потврда дека во своето најблиско семејство нема вработени кај организаторот.

8, Извлекување на добитниците на наградната игра

Право на учество имаат само полнолетните корисници на услугите на ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ.

- Корисник кој ги има платено сметките заклучно со 11 месец 2026 година.
- Корисник кој е вклучен најкасно до 31.10.2026 година и има платена сметка за 11/2026 година.

Извлекувањата ќе се вршат со следниот распоред:

- „На 17.01.2027 во 16 во Ангелс Кафе Штип на Улица Партизанска 52 А локал 1 ќе се организира прослава по повод 30 години Телекабел и на истата компјутерски по случаен избор ќе се извлече шифра на еден корисник. Во истиот момент ќе излезе и неговата аналитичка картица со која ќе се утврди дали корисникот ги исполнува условите односно дали сметката заклучно со 11 /2026 година му е платена.

Извлекувањето на наградата ќе се спроведе компјутерски со посебна програма прилагодена за тоа и изборот ќе биде јавно снимен во живо и прикажан на профилите на феисбук и инстаграм на Телекабел, а во присуство на три члена комисија избрана од страна на организаторот на наградната игра.

9, Објавување на резултатите од наградната игра

Резултатите од извлекувањето ќе бидат објавени на веб-страната на Телекабел ДООЕЛ. Како и на профилите на ТЕЛЕКАБЕЛ на социјалните мрежи, во рок од 3 (три ) дена од денот на извлекувањето.

Добитникот на наградата ќе биде известен телефонски на телефонскиот број или маил адреса која ја имаат оставено во базата на податоци на Телекабел.

10, Доделување на наградата

Наградата ќе биде доделена во рок од петнаесет дена од објавување на добитникот; Наградата не може да се пренесе на друго лице.

Добитникот не може да бара да ја замени наградата за паричен износ или за друг предмет.

11.Известување и подигање на наградата

- По извлекувањето добитникот е должен да се евидентира со лична карта и во рок од петнаесет дена да ја подигне наградата.
Добитникот наградата ќе ја подигне од седиштето на организаторот – ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ ШТИП Ул: Ванчо Прќе 88 Штип со валиден документ за идентификација.
- Доколку добитникот од која било причина не е во можност да ја подигне наградата, може да назначи лице кое ќе го стори тоа во негово име со нотарски заверено полномошно, со приложување на потребните документи за идентификација.

- Доколку во рок од петнаесет дена добитникот не ја подигне наградата, наградата станува неважечка и добитникот нема право да ја подигне истата ;

- Доколку добитникот го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за истото писмено да го извести Организаторот – ТРД ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ ШТИП.

12.Право на приговор

- Незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор во писмена форма во рок од 3 (три) дена од објавување на добитникот на наградата до адресата на организаторот, а организаторот писмено ќе одговори на приговорот во рок од 8 дена од денот на прием.

- Евентуално недоразбирање ќе се решава во духот на добрите обичаи и спогодбено, во спротивно надлежен е Основен граѓански суд Штип со примена на важечките закони на Р.С.Македонија.

13.Одговорност

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Организаторот – ТРД ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип;

- Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградата, престануваат понатамошните обврски на Телекабел ДООЕЛ спрема добитникот;

- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградата, како и плаќање на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата;

- Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за наградата, неговите лични податоци да бидат јавно објавени.

- Организаторот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможноста потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитик или негов претставник и поради

околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

- Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторот нема да се смета за одговорен.

14.Прекинување на наградната игра

- Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот – Телекабел ДООЕЛ да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја по добиена согласност од Министерството за финансии;

. Во овој случај, Организаторот Телекабел ДООЕЛ да треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, а истото ќе го направи преку соопштение на веб страната на Телекабел и на социјалните медиуми.

15.Одобрение за обработка на лични податоци

- Личните податоци на учесниците нема да се користат за други цели, освен со изрична согласност на учесникот, која учесникот може да ја даде на Организаторот Телекабел Штип.

- За сите лица, кои ќе бидат вклучени во процесот на прибирање и обработка на личните податоци, ќе се обезбедат потпишани овластувања за работа со лични податоци и изјава за заштита на лични податоци.

- Организаторот – Телекабел ДООЕЛ се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен докопку е тоа потребно за изведување на наградната игра;

- Личните податоци на учесниците во наградната игра ќе се користат само во согласност со Законот за заштита на лични податоци;

- За учество во јавни настапи на организаторот на наградната игра кои се од промотивен карактер во врска со објавување на добитникот и врачување на наградата, потребна е дополнителна согласност на добитникот. За ваквото учество добитникот нема право на дополнителен надоместок.

16.Задолжителни права

- Добитникот на наградата-автомобил Мерцедес А Класа нема право да го отуѓува возилото 12 месеци од денот на објавата на среќниот корисник и нема право да го брише брендот Телекабел ДООЕЛ на автомобилот.

- За дополнителни информации да се јават на телефонскиот број 032 609 609

ден од 08:00 до 16:00 часот, во периодот додека трае наградната игра.

- Правилата на наградната игра со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат јавно објавени на веб-порталот на Телекабел ДООЕЛ, на социјалните мрежи и медиуми, по добивање на согласност од Министерство за финансии на РСМ, а пред почетокот на наградната игра.

17.Завршни одредби

“ Со исполнување на правилата за учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила се задолжителни за учесниците и истите ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградата.

ТРД Телекабел ДООЕЛ

ДРУШТВО ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ
TeleKabel
1
ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ "Ванчо Прќе" 88 Штип